РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено: / Pranuar: 22.07.2024
Орг. Един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera
08 | 17

У-6.бр.67/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Рамије Цара - претседател на советот, Марта Телегравчиска и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Менка Димовска – судски референт, одлучувајќи по тужбата на тужителот Пан Монтинг ДООЕЛ Скопје, против решението на Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-17 од 02.02.2024 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, по одржаната јавна расправа на ден 03.07.2024 година, во присуство на застапник на тужителот Петар Баришиќ од Скопје, управител во Друштвото и претставници на тужениот орган овластени лица- Цветан Станоески и Исамет Селмани од Скопје, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 10.07.2024 година, ја донесе и објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Пан Монтинг ДООЕЛ Скопје, против решението на Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-17 од 02.02.2024 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение, Жалбата на Пан Монтиг Дооел увоз извоз, преку управител Петар Баришиќ од Скопје, поднесена против Решение на Основниот Граѓански суд Скопје СПИ бр.3/24 од 16.01.2024 година, се отфрла како недопуштена.

Против наведеното решение, тужителот Пан Монтинг ДООЕЛ Скопје преку Петар Баришиќ од Скопје, управител во Друштвото, поднесе тужба поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјално право.Во истото наведува дека не е задоволен со решението што го донел Граѓанскиот суд Скопјесо цел да добие информнација во врска со судскиот процес заведен како 52ТС бр.92/21 од 29.05.2023 година, при што истиот барањето го отфрлил како недозволена.Укажува дека според членот 14 од Законот за пристап до информации од јавен карактер (СПИЈК) имателот на информацијата е должен да постапи по барањето утврдено со овој закон а за прашање што не се уредени со овој закон требал да ги примени одредбите од Законот за оптата управна постапка (ЗОУП) со што се исклучува примената на други закони за остварување на предметното барање. Додава дека секоја институција определува одредени службеници лица за остарување на право до пристап на информации од јавен карактер додека од страна на Граѓанскиот суд е

одлучено по барањето преку Раководителот односно Претседателот на судот кој неоластено го решавал предметното барање надвор од судска постапка и неовластено го отфрлил истото. На оваа околност укажува дека тужителот е попречен од неовластено лице за да добие пристап до информации од јавен карактер како причина за отфрлање, а посебно поради тоа што овој раководител се повикувал на одредбите од Законот за парнична постапка (ЗПП) и Судскиот деловник наместо задолжително со ЗСПИЈК и ЗОУП. Предлага Судот тужбеното барање на тужителот да го уважи и да го поништи оспореното решение, да го преиначи и да одлучи на начин што ќе му дозволи на тужителот пристап до бараната информациија.

Тужениот орган до Судот ги достави списите по предметот и во Одговор на тужба остана во целост на наводите во оспореното решение и се произнесе по тужбените наводи на тужителот истакнати во тужбата. Управниот суд го достави одговорот на тужба даден од туженииот орган до тужителот, на запознавање.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд закажа и одржа јавна расправа на ден 03.07.2024 година, во која управителот на сега тужителот Петар Баришиќ изјави: Останувам кон тужбено барање со дополнување и тоа- Пристап до информации од јавен карактер имаат сите правни и физички лица кое право е заштитено со член 10 став 1 од ЕКСП член 16 став 3 од Уставот на РСМ и член 4 од ЗСПИЈК. Со член 30 став 1 алинеја 2 од ЗСПИЈК туженииот е обврзан да се грижи за спроведување на овој закон. Наместо оваа законска обврска во предметната постапка туженииот се грижи да овој тужител не го оствари своето право за пристап до информации што е и предмет на тужбата.За да тужбеното барање биде појасно понатаму ќе го кажам на релевантни законски одредби односно член 14 од ЗСПИЈК систематизира за писменото барање за пристап до информации одлучува имател на информации во постапка утврдена со овој закон а за прашање што не се уредени со овој закон се применува ЗОУП со што се исклучува примена на други зкони за остарување на предметното право. Според член 8 од ЗСПИЈК секој имател на информација е должен да определи едно или повеќе службени лица при остарување на право до пристап на информации и според званичен сајт на Основен граѓански суд Скопје службени лица во овој суд за посредување за пристап до информации се Аница Саздевска Ристеска и Крстана Костадиновска. Спред член 19 од ист закон постапката по барањето за пристап до информации ја спроведува службено лице по член 8 од овој закон а не било кој. Овој тужител со писмено барање до Основен граѓански суд Скопје побарал информација како прилог бр.7 приложен со тужба, Раководителот Бесник Авдија неоластено го решавал нашето барање надвор од судска постапка и неоластено го отфрлил нашето барање наместо задолжително овластени службени лица по член 8 од ЗСПИЈК. ( прилог бр.8 со тужбата). На оваа околност сакам да истакнам дека овој тужител е попречен од неовластено лице за пристап до информации од јавен карактер како причина за отфрлање, овој раководител се повикува на одредбите од ЗПП и судскиот деловник наместо задолжително со ЗСПИЈК и ЗОУП. По однос на одговорот на тужба даден од туженииот орган на страна 2 туженииот спекулативно повторно се повикува на личен интерес што не е уреден со овој закон бидејќи постапка до пристап на информации мора да се спроведе според член 14 од ЗСПИЈК.

Претставникот на туженииот орган, Цветан Станоескi на јавната расправа изјави: Туженииот во целост останува на наводите во оспореното решение како и

во одговорот на тужба од 04.03.2024 година без да ги повторуваме наводите од истите чувствуваме дека сме должни да појасниме дека во конктретниот случај тужителот не може да добие правна заштита согасно член 26 од ЗСПИЈК од причина што до имателот на информации насловил барање за пристап до информации од јавен карактер но од содржината на барањето се заклучува дека со истото бара информации од надлежност на имателот на информации односно бара информации од личен интерес. Неможејќи да ги добие овие информации од граѓанскиот суд согласно надлежностите на судот и согласно друг материјален закон тужителот неосновано се повикал на ЗСПИЈК со цел да прибере докази кои му се потребни за судска постапка. Потенцирам дека тужителот погрешно го толкува член 30 од ЗСПИЈК и на Агенцијата како тужен орган и дава надлежности според свое толкување а кои се граничат со надлежности на правосуден орган. Од друга страна тужителот се појавува и во други случаи како жалител за слични барања кои не се барања за информациин од јавен карактер туку исклучиво за прибирање документи кои ќе му послужат во судски постапки поведени против повеќе иматели на информации. Во таа смисла за запознавање на Судот му ја доставуваме и пресудата У-6 бр.114/2024 која може да послужи во смисла на претходно кажаното и како судска пракса во постапување на судот.

Во реплика тужителот изјави дека претставникот на тужениот орган изложи невистини затоа што тврди дека бараната информнација од имателот на информации означена како 52ТС бр.92/21 од 29.05.2023 година дека е дел од судска постапка и дека е дел од надлежности на судот при постапување што е тотална невистина. Еве зошто оваа информација ја има побарано ОЈО Скопје и Основниот граѓански суд Скопје го има изготвено . Зошто го насловил како судки предмет а можел да да го наслови како друг број и од овие причини оваа информација не е дел од судска постапка и не е расправано за нејзе во судска постапка. Во оваа насока наведувам дека на овој начин се извртуваат работите за да се прикаже дека Граѓанскиот суд Скопје правилно го отфрлил нашето барање за пристап до информации. Сакам да му кажам на Судот дека ваквото постапување е кривично дело систематизирано со член 149-а од КЗ на РСМ како неовластено попречување до пристап на информација од јавен карактер.

Во реплика претставникот на тужениот орган Цветан Станоески изјави: на Тужителот и на Судот му укажуваме дека тужителот неосновано употребувал несоодветен закон и неосновано се обратил до несоодветна институција од причина што Агенцијата сега тужен орган не е институција за прибирање судски докази. Тоа се гледа од прилогот со кој барателот се обраќа до Основен граѓански суд Скопје со барање на кое назначува 52ТС бр.92/21 а со кое бара како тужител да добие документ доставен до ОЈО Скопје. Овде тужениот орган никаде не гледа околноист за приемена на член 3 став1 алинеја 7 од ЗСПИЈК односно не го гледа јавниот интерес таксативно набројан во тој член. Што докажува дека се што е надвор од регулираното како јавен интерес претставува друг односно личен интерес на тужителот. Поради тоа агенцијата не може да му пружи правна помош на тужителот мниту да го задолжи Основниот граѓански суд да му ги дава на тужителот бараните документи.

Во реплика на реплика тужителот изјави: Првин тужениот кажа дека барам информација од јавен интерес што не е точно, јавен интерес е систематизиран со член 3 алинеја 7 во 7 точки од ЗСПИЈК што нема врска со моето барање, затоа што јас барам информација од јавен каракер систематизирано со член 3 став 1

алинеја 2 од ЗСПИЈК. Потенцирам дека тоа што го излагаше претставникот на тужениот орган не е предметното барање односно моето барање за пристап до оинформации од јавен карактер поднесено на 12.01.2024 година.

Во доказната постапка, Судот на расправата со читање изврши увид во: оспреното решение број 08-17 од 02.02.2024 година, тековна состојба за сега тужителот издадена од ЦР на РСМ, решение на Вишото јавно обвинителство Скопје V КО 1 бр.1497/23 од 18.07.2023 година решение на Вишото јавно обвинителство Скопје V КОЖ 1 бр.449/23 од 06.09.2023 година, барање до ОЈО Скопје од 08.08.2023 година одговор од ОЈО Скопје V КО бр.1497/23 од 04.-1.2024 година, барање до основен граѓански суд Скопје од 03.110.2023 година, Барање до пристап на информации од јавен карактер поднесено до Основен ѓраѓански суд скопје на 12.01.2024 година, Решение на Основен ѓраѓански суд Скопје СПИ бр.3/24 од 16.01.2024 година, Жалба до Агенција за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер од 25.01.2024 година, извадок од електронска достава на жалба од 30.01.2024 година, одговор на жалба од Основен ѓраѓански суд Скопје до Агенција за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер и одговор на тужба даден од тужениот орган.

Во завршни зборови, тужителот и претставникот на тужениот орган остана во своите ставови изнесени со тужбата односно одговорот на тужба како и изнесеното на самата јавна расправа.

Управниот суд, по одржаната јавна расправа, врз основа на доказите приложени во списите на предметот притоа имајќи ги во предвид наводите на тужителот во тужбата, наводите на тужениот орган во одговорот на тужбата, како и наводите на управителот на тужителот и претставникот на тужениот орган дадени на одржаната јавна расправа, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Согласно член 3 став 1 точка 1,2,3,4,5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), Определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
- „иматели на информации" се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите; - „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата); - „барател на информација" е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон (во натамошниот текст: барателот); - „документ" е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи меморији за складирање на податоците во дигитална

форма; - „службено лице" е лице вработено кај имателот на информации назначено со акт на одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага имателот на информации согласно со неговите надлежности, односно дејности.

Согласно член 5 став 1 од истиот Закон, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст: Агенцијата) на својата интернет страница објавува листа на иматели на информации и на службените лица на имателите на информации. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Агенцијата редовно ја ажурира листата од ставот (1) на овој член. Агенцијата ажурирањето го врши во рок од седум дена од добивањето на известувањето за службено лице на имател на информации од јавен карактер, односно стекнување или губење на статус на имател на информации од јавен карактер.

Согласно член 6 став 1 од истиот Закон, Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до: 1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација; 2) личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци; 3) информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; 4) информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; 5) информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Согласно член 26 од истиот Закон, право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 59 став 1 од истиот Закон, Судот, ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 86 став 3 од истиот Закон, Доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Од списите по предметот произлегува дека сега тужителот Пан Монтинг ДООЕЛ Скопје, преку управителот Петар Баришиќ од Скопје, до Основниот Граѓански суд Скопје, поднел барање за пристап до информација од јавен карактер и тоа- Информација 52 ТС бр.92/21 од 19.05.2023 година за ОЈО Скопје 5 КО.бр.14497/23 која е завршена со решение на ОЈО КОЖ 1 бр.449/23 сето тоа согласно член 6 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (понатаму ЗСПИЈК).

Постапувајќи по наведеното Барање, Основниот Граѓански суд Скопје, во конкретниот случај како имател на инфрмација донел решение СПИ бр.3/4 од 16.01.2024 година, со кое го отфрли барањето како недозволена со образложение дека барателот е странка во предметот 52ТС бр.92/21 и во истиот се јавува во својство на тужител против тужениот НЛБ Банка АД Скопје и за да се здобие со бараната информација на барателот му стојат на располагање други механизми надвор од ЗСПИЈК согласно Законот за парнична постапка и Судскиот Деловник.

Незадоволен од Решение на Основниот Граѓански суд Скопје, сега тужителот Пан Монтинг ДООЕЛ Скопје поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во која навел дека согласно член 14 став 2 од ЗПСИЈК во постапката по барање за пристап до информациiод јавен карактер, се што не е уредено со материјалниот закон се применуваат одредбиде од Законот за општата управна постапка(ЗОУП) без можнност да се применат другите Закони и дека имателот на информацијата-Основниот Граѓански суд Скопје и Агенцијата шпекулираат со непостоечка законска одредба како прашање од личен интерес.

Постапувајќи по жалбата, во постапка предвидена со закон, Агенцијата со електронски допис бр.08-17 од 29.01.2024 година ја доставила Жалбата до Имателот на информацијата на произнесување при што истиот на дадениот рок даде одговор на жалба во кој ги повтори наводите и образложениeто дадени со обжаленото решение.

Постапувајќи по Жалбата на сега тужителот, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, сега тужениот орган, ја утврдила фактичката состојба потребна за одлучување по предметот и го донела сега оспореното решение.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба во конкретниот предмет, Судот оцени дека тужениот орган спровел законита постапка во која правилно ја утврдил фактичка состојба дека Барањето на барателот, сега тужител, поднесено до Основниот Граѓански суд Скопје не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од личен интерес, односно барање од надлежност на Имателот на информации и правилно го применил материјалното право кога со оспореното решение ја отфрлил Жалбата на тужителот како недопуштена, со укажување дека истиот своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

Имено, Судот укажува дека од списите во предметот јасно произлегува дека во конкретниот случај сега тужителот нема поднесено Барање за пристап до информации од јавен каратер согласно погорецитираните одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во кои одредби јасно е утврдено што претставува пристап до информации, туку со предметното Барање поднесено до Граѓанскиот суд Скопје побарал да му се достави фотокопија по пошта информација за постапката 52ТС бр.92/21 од 29.05.2023 година на ОЈО Скопје 5 КО бр.1497/23 која била завршена со решение на ОЈО КОЖ 1 бр.449/23.

Поради наведеното Судот цени дека имателот на информацијата - Основниот Граѓански суд Скопје, повикувајќи се на членот 14 и член 2 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во врска со член 91 и 92 од Судскиот Деловник, правилно постапил кога го отфрлил како недозволено барањето на сега тужителот за добивање на информација за одреден акт и судска постапка кое решение правилно е потврдена со сега оспореното решение на тужениот орган. За својата одлука тужениот орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот во тужбата и наводите на тужителот дадени на јавната расправа, меѓутоа имајќи ги предвид предходно наведените причини и цитираните законски одредби, ваквите наводи ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката, го одби како неосновано.

Врз основ на наведеното, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управен суд на 10.07.2024 година, под У-6.бр.67/2024.

Записничар –судски референт
Менка Димовска

Претседател на совет - Судија
Рамије Цара

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда и решение дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Рамије Цара

НК/

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник